# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**17.10.2014 год.** **Бр.XII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.гласник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на акшише донесени на 24-ша седница на Совешош на Ойшшина Крушево одржана на ден 17.10.2014 ѓод.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 24-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 17.10.2014 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-857/1 од 20.10.2014 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на дваесет и четвртата седница, одржана на 17.10.2014 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВААТ** записниците од 22-та и 23-та седница на Советот на Општина Крушево, одржани на 12.08.2014 година и 04.09.2014 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.07-822/3 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ." бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09 и 47/11) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево бр. 1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за измена и дойолнување на Одлукаша за извршување на Буџешош на Ойшшина Крушево за 2014 ѓодина***

**Член 1**

Во одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2014 година бр.07-1021/5 од 31.12.2013 година и 07-104/4 од 30.01.2014 година се врши измена:
- во член 11 став 1 алинеја 1 и тоа: на место „5 %" се заменува со „4%".
- во член 11 став 1 алинеја 2 и тоа: на место „73,8" се заменува со „76,8 запирката станува точка, а останатото се брише".
- во член 11 став 1 алинеја 3 и тоа: на место „5 %" се заменува со „4%".
- во член 11 став 1 алинеја 4 и тоа: на место „5 %" се заменува со „4%".
- во член 11 став 1 алинеја 5 и тоа: на место „5 %" се заменува со „4%".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува започнувајќи со исплатата на платите за Октомври 2014 година.

**Бр.07-822/4 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Согласно член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ." бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) ,член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( " Сл.весник на РМ " бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево (" Сл.гласник на Општина Крушево " бр. 1/2007) советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 17.10.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за утврдување на нацрт на изменување и дополнување на урбанистички план вон населени места Крушево и Македонски Брод за ски центар за алпско скијање " МУСИЦА " – Општина Крушево и Македонски Брод за Урбен Блок " 2 " – во викенд населба*** *изработен од ДООЕЛ " Перкан Проект " од Прилеп со тех.бр.50/14* ***Општина Крушево***

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацртот на **изменување и дополнување на урбанистички план вон населени места Крушево и Македонски Брод за ски центар за алпско скијање " МУСИЦА " – Општина Крушево и Македонски Брод за Урбен Блок " 2 " – во викенд населба** изработен од ДООЕЛ " Перкан Проект " од Прилеп со тех.бр.50/14

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/5 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и 68 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за давање на времно користење на патничко моторно возило***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење патничко моторно возило сопственост на Општина Крушево на ЈП "Комуна" Крушево

**Член 2**

Патничкото моторно возило кое се дава на времено користење е сопственост на Општина Крушево, марка "Пежо-106" црвена боја, со регистарски таблички БТ 337 УБ, во возна состојба, регистрирано.

**Член 3**

Патничкото моторно возило опишано во член 2 на оваа Одлука се дава на времено користење за период од 1 (една) година.

**Член 4**

За времето за кое ќе го користи патничкото возило, ЈП "Комуна" Крушево е должна да ги сноси сите трошоци за тековно одржување, вклучувајќи и регистрација.

ЈП "Комуна" Крушево е должна да се грижи за совесно и домаќинско користење на возилото.

**Член 5**

Примопредавањето на патничкото моторно возило ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и ЈП "Комуна" Крушево, при што ќе се состави записник.

**Член 6**

По престанокот на времето за кое е дадено на користење, возилото треба да се предадае на Општина Крушево во возна состојба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/6 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 17 од Законот за Јавни претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/02, 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14 и 138/14), 36 став 1, точка 5, од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002), член 21 став 1 точка 34 и член 53 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 17.10.2014 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈП Комуна-Крушево***

1. Од функцијата член на Управниот одбор на ЈП Комуна-Крушево се разрешува Милица Мискоска на нејзино барање.

2. За член на УО на ЈП „Комуна" Крушево СЕ ИМЕНУВА:Велко Николоски.

3. Мандатот на членот на УО на ЈП „Комуна" Крушево трае до завршување на мандатот на Управниот одбор.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именувниот, ЈП „Комуна“ Крушево и Архивата на Општина Крушево.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/7 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 124 од Законот за Основно образование (“Сл.весник на Р.М.” бр. 103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за разрешување и именување на член на Училишен одбор на ООУ „Никола Карев” Крушево***

1. Од функцијата член на Училишен одбор на ООУ „Никола Карев“ Крушево се разрешува Милаим Ибраимоски од с.Саждево на барање од Училишниот одбор;

2. За член на УО на ООУ „Никола Карев” Крушево СЕ ИМЕНУВА: Надица Крстеска од Крушево;

3. Мандатот на членот на УО на ООУ„Никола Карев“ Крушево трае до завршување на мандатот на Училишниот одбор.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именувниот, ООУ„Никола Карев“ Крушево и Архивата на Општина Крушево.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/8 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 и член 168 од Законот за заштита на децата (“Сл.весник на Р.М.” бр.23/13 и 12/14), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишниот- Извештај за работата на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2013-2014 година.***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2013-2014 година, бр.01-73/1 од 25.06.2014 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/9 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 и член 168 од Законот за заштита на децата (“Сл.весник на Р.М.” бр.23/13 и 12/14), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишната- Програма за работата на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2014-2015 година.***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишната- Програма за згрижување и воспитно-образовна работа на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2014-2015 година, бр.01-94/1 од 24.09.2014 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/10 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 89 и 89а од Законот за средното образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14 и 135/14), член 22 став 1 точка 8 и 13; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и 13 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
***за прифаќање на Годишниот- Извештај за учебната 2013-2014 г. на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишниот Извештај за учебната 2013-2014 година на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, бр.01-24/13 од 02.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.07-822/11 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 89 и 89а од Законот за средното образование ("Сл.весник на Р.М." бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14 и 135/14), член 22 став 1 точка 8 и 13; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и 13 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
***за прифаќање на Годишната Програма за учебната 2014-2015 г. на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишната Програма за учебната 2014-2015 година на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, бр.01-24/12 од 02.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.07-822/12 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 126 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 15/2011; 18/2011; 6/2012; 100/2012; 24/13; 41/14; 116/14 и 135/14), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
***за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2013/2014 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ООУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2013/2014 година, бр.03-366/4 од 01.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ООУ "Никола Карев" Крушево и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.07-822/13 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 35 став 5, член 126 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 15/2011; 18/2011; 6/2012; 100/2012; 24/13; 41/14; 116/14 и 135/14), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
***за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2014/2015 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишната Програма за работа на ООУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2014/2015 година, бр.03-346/4 од 01.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ООУ "Никола Карев" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.07-822/14 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 34 став 4 од Законот за основно образование („Сл.весник на Р.М." бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14 и 135/14), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на Основните училишта, Советот на Општина Крушево дава:

**М И С Л Е Њ Е**

Советот на Општина Крушево дава позитивно Мислење за Програмата за организирање на ученички екскурзии во учебната 2014/2015 година на ООУ „Никола Карев" Крушево за трето, шесто и деветто одделение бр.03-444/1 од 23.09.2014 година.

**Бр.07-822/15 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 41 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 15/2011; 18/2011; 6/2012; 100/2012; 24/13; 41/14; 116/14 и 135/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, дава:

**С О Г Л А С Н О С Т**
***за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 г. на ООУ "Никола Карев" Крушево***

1. Се дава Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 година и комбинирани паралелки на ООУ "Никола Карев" Крушево, согласно нивното барање бр.03-350/1 од 27.08.2014 година.

2. Паралелките да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето.

3. Согласноста ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/16 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 41 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 15/2011; 18/2011; 6/2012; 100/2012; 24/13; 41/14; 116/14 и 135/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, дава:

**С О Г Л А С Н О С Т**
***за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 г. на ОУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево***

1. Се дава Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 година и комбинирани паралелки на ОУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево, согласно нивното барање бр.04-173/1 од 01.09.2014 година.

2. Паралелките да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето.

3. Согласноста ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/17 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 28 од Законот за средното образование ("Сл.весник на Р.М." бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14 и 135/14) 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, дава:

**С О Г Л А С Н О С Т**
***за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 г. на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. Се дава Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 година на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, согласно нивното барање бр.01-24/15 од 05.09.2014 година.

2. Паралелките да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето.

3. Согласноста ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-822/18 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „ Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 , 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13, и 42/2014 година ), член 22 , став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ.. бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево,("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден: 17.10.2014 година го донесе следното:

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2014 година бр.07-104/12 од 30.01.2014 година и дополнувањето на рограмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2014 година бр.07-469/8 од 22.05.2014 година се дополнува во точка 1 со став 1.7 и гласи:

**1.7. Детален Урбанистички План за ГРАТСКА ЧЕТВРТ 6**
**блок 6.4 за изградба на хотели.**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Детален Урбанистички План за изградба на **хотели** се усогласени со новиот ГУП за град Крушево **за** ГРАТСКА ЧЕТВРТ 6 блок 6.4 **,** прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

2.Ова дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2014 година, бр.07-104/12 од 30.01.2014 година и дополнувањето на рограмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2014 година бр.07-469/8 од 22.05.2014 година.

**Бр.07-822/19 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-715/1 од 03.09.2014 година од Атанас Брезовка од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 10.000,00 (десет илјади)** денари по барање бр.07-715/1 од 03.09.2014 година од Атанас Брезовка од Крушево, со ЕМБГ 1501951443002.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр. 240207103651362 во УНИ Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07-822/21 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.03-770/1 од 22.09.2014 година од ОО „Црвен Крст" Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 10.000,00 (десет илјади)** денари по барање бр.03-770/1 од 22.09.2014 година од ОО „Црвен Крст" Крушево;

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр.200000001290771, депонент Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07-822/22 од 17.10.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 24-та седница на Советот на Општина Крушево ....................................................................... 1
2. Заклучок за усвојување на записниците од 22-та и 23-та седница на Советот на Општина Крушево .......................................................... 1
3. Одлука за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2014 година ................................. 1
4. Одлука за утврдување на Нацрт на изменување и дополнување на Урбанистички план во населено место ски центар „Мусица”......................................................... 2
5. Одлука за давање на времено користење на патничко моторно возило ................................ 2
6. Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈП „Комуна” Крушево.... 2
7. Решение за разрешување и именување на член на Училишен одбор на ООУ „Никола Карев” Крушево ............................................................ 3
8. Заклучок за прифаќање на Годишниот-Извештај за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево за учебната 2013-2014 година ........ 3
9. Заклучок за профаќање на Годишната-Програма за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево за учебната 2014-2015 година......... 3
10. Заклучок за прифаќање на Годишниот-Извештај за учебната 2013-2014 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево .............. 4
11. Заклучок за прифаќање на Годишната Програма за учебната 2014-2015 година на СОУ „Нуам Наумовски-Борче” Крушево ................. 4
12. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Никола Карев” Крушево за учебната 2013/2014 година ............ 4
13. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ „Никола Карев” Крушево за учебната 2014/2015 година ............ 4
14. Мислење за програма за организирање на ученички екскурзии на ООУ „Никола Карев” Крушево за учебната 2014/2015 година ........... 5
15. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 година на ООУ „Никола Карев” Крушево ........ 5
16. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 година на ОУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево ............................................ 5
17. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014-2015 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево ............................................................ 5
18. Дополнување на Програмата за Урбанистички Планирање на Општина Крушево за 2014 година ................................... 6
19. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Крушево (ребаланс) за 2014 година....6
20. Решение за исплата на финансиски средства за Атанас Брезовка од Крушево ....................... 6
21. Решение за исплата на финансиски средства на ОО „Црвен Крст” Крушево ......................... 6

Редакциски одбор на Општина Крушево.